Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-568/3
15.03.2022 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË SË INFORMATIKËS DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-568/3
15.03 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 41 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 21.01.2022 година | **Време** | 09.30 – 11.00 часот |
| **Бр. на седница** | 41- седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател (online)<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Дрита Муртезани (Советник на Министер) . | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Радосављевиќ, Ангел Симов, Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записник од седницата на НКБК одржана на 20.12.2021 година.
2. Програма на новата Влада на РС Македонија.
3. Разно

.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 41-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни четири членови на НКБК и еден со online присуство, што е согласно Деловникот за работа, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 40-та седница, одржана на 20.12.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија по однос на Програма на новата Влада. Тој нагласи дека согласно новите ЕУ стратегии барањата по однос на бродбенд брзините се зголемени и се на ниво од гигабитни брзини. Во таа насока ја истакна потребата за владина државна оптичка мрежа. На тоа се надоврза членот на НКБК Боро Јакимовски потсетувајки дека согласно Националниот оперативен бродбенд план (НОБП) идејата беше искористување на постоечките капацитети на институциите од аспект оптички влакна и друг вид на капацитети, а со цел намалување на трошоците за изградба на самата мрежа. Со претходно истакнатото се согласи и Славица Настеска дополнувајки дека во Програмата на новата Влада акцентот е ставен на дигитализацијата генерално, без да се наведат конкретни проекти/мерки, што би можело да биде предност бидејќи дава слобода во дефинирањето и планирањето на идните активности.

Во врска со концептот за изградба на Националната транспортна оптичка мрежа, Буковалов појасни дека било планирано на изградбата да и претходи Студија за изводливост која би била финансирана од страна на Владата, како и самата изградба, додека за градежните активности да биде задолжена ЈП МРД (Македонската радиодифузија), како што е и утврдено во Националниот оперативен бродбенд план

(НОБП). Тој понатаму истакна за неопходноста за усогласеност помеѓу стратешките документи како што се Националната ИКТ стратегија, Националниот оперативен бродбенд план, како и со закон определените надлежности на Дигиталната Агенција, НКБК и ЈП МРД.

Дискусијата во однос на оваа точка, а во врска со претстојната прва меѓу-владина заедничка седница на владите на РСМ и Р.Бугарија, се прошири и на Договорот за роаминг што би требало да биде потпишан со Република Бугарија. Буковалов информираше дека од страна на RCC (регионален совет за соработка) и Европската Комисија во почетна фаза е проект за изработка на модел за намалување на цените во роаминг помеѓу земјите членки на ЕУ и земјите на Западен Балкан.

Славица Настеска информираше дека АЕК ја запре тендерската постапка за издавање на одобренија за користење на радиофреквенции за 5Г, заради започнатата постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК). Исто така посочи дека во Програмата на новата Влада акцентот е ставен повеќе на воведување на 5Г, но не и на трет мобилен оператор на пазарот во РСМ.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“ беше дискутирана Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 год, на Министерството за локална самоуправа, како и предлог-Програмата за нејзино спроведување. Се отвори дискусија по однос на точка 1.3, поконкретно 1.3.2, а во однос на средствата предвидени за бродбенд инфраструктура, како и по однос на висината на средствата предвидени за таа намена.

**Заклучок:** Да се побара дополнително појаснување од Министерството за локална самоуправа што се е опфатено со терминот „Развој и унапредување на информатичко-комуникациски технологии и бродбенд инфраструктура“ и врз основа на кои стратешки документи е направена распределбата на средствата предвидени во Програмата за спроведување на Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 год .

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________